Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08 - 328/2
Дата: 03 -05- 2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 328/1 од 20.04.2023 година, поднесена од [redacted], против [redacted] Скопје, врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020), на 03.05.2023 година го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**
**за отфрлање на претставка поради ненадлежност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под бр. 08 – 328/1 од 20.04.2023 година, поднесена од [redacted] против [redacted] Скопје **заради ненадлежност**.

**Образложение**

На 20.04.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка, заведена под бр. 08 – 328/1, поднесена од [redacted] против [redacted] Скопје, во областа на домување.

Во претставката се наведува дека правното лице [redacted]– лиценцирано да управува со станбени единици на подносителот на претставката неосновано му наметнувал парични обврски надвор од склучениот Договор за вршење на управувачки услуги, му фактурирал услуги преку невалиден договор, неосновано го утужил за непостоечки долгови, со што бил изложен на непотребни судски трошоци. Воедно, наведува дека управителот [redacted] свесно преку измама ги доведувал во заблуда корисниците на услугите, тековните обврски од редовниот фонд ги зголемувал за обврски и услуги кои требало да се наплатат од резервен фонд, кое според подносителот значи дупла наплата на обврските, бидејќи правното лице веќе ги наплатил преку побарувања искажани преку зголемената обврска од редовниот фонд. Подносителот тврди дека со таквото несовесно работење, непрофесионален и деградирачки однос кон него, правното лице го дискриминирало.

По разгледувањето на претставката, Ве информираме дека адресираниот проблем не спаѓа во рамки на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Комисијата не е надлежна за преиспитување на договорни односи, должничко – доверителки односи, стекнување без основ или надомест на штета, кога тие не се во корелација со дискриминаторска основа и нееднаков третман. За овие спорови подносителот може да побара судска заштита пред надлежен граѓански суд.

Комисијата не е надлежна ниту за оценка над законитоска на работењето на правни лица за управување со станбени единици или воопшто спорови во областа на домување, кога истите не се поврзани со нееднаков третман.

Во однос на наводите на подносителот дека правното лице во својата работа вршело измама на станарите – корисници на услугите, се информира подносителот дека измама согласно член 247 од Кривичниот законик е кривично дело. Согласно ставот 9 од истиот член, за наводите од претставката – измама, гонењето се презема по приватна тужба.

Во врска со наводите на подносителот дека правното лице [redacted] во поглед на побарувањата за услугите, става одредени станари во привилегирана положба, доколку подносителот има конкретни информации може да поднесе нова претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Согласно наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
03.05.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk